**3601.**

Врз основа на член 82 став (1), а во врска со член 82-ж став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12 и 80/12), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИ И НАЧИН НА ДАВАЊЕ НА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА СЛУЖБИТЕ ЗА ПРИФАЌАЊЕ И ИСПРАЌАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИ, ПАТНИЦИ, БАГАЖ, СТОКА И ПОШТА И СНАБДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИТЕ СО ГОРИВО И МАЗИВО**

Член 1

Во Правилникот за услови и начин на давање на аеродромски услуги од страна на службите за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта и снабдување на воздухопловите со гориво и мазиво (“Службен весник на Република Македонија” бр. 67/12) по членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

“9-а

По исклучок од членовите 7, 8 и 9 на овој правилник, на воздухопловно пристаниште на водена површина, давателот на аеродромски услуги за прифаќање и испраќање треба да ја обезбеди следната дополнителна опрема:

а) опрема за товарење на стока во воздухоплов, односно истоварување од воздухоплов со носивост од најмалку 200 килограми;

б) дигалка-вилушкар за пренос и товарење на товар во воздухоплов со содветна носивост и работна висина;

в) сервисни скали со содветна висина;

г) патнички скали со содветна висина;

д) уред или соодветен сад за полнење на воздухопловот со вода за пиење со капацитет од најмалку 500 литри, со потребни црева и приклучоци;

ѓ) уред или соодветен сад за празнење и инспирање на санитарни уреди на воздухоплови, со резервоар за нечиста вода од најмалку 100 литри, со потребни црева за приклучоци;

е) количка за болни, инвалиди и стари и изнемоштени лица, со носивост од најмалку 100 килограми;

ж) средства за чистење и отстранување на ѓубре од воздухопловот;

з) боца азот и воздух под притисок, со потребни црева и приклучоци;

ѕ) уред и опрема за одмрзнување на воздухоплов и

и) друга опрема прилагодена на типот и тежината на воздухопловот кој оперира на тој аеродром.

Член 2

Во членот 22 по зборот: “пристаништа” се додаваат зборовите: ”на копнена површина”.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-1296/5
14 ноември 2012 година
Скопје

Директор,
д-р **Дејан Мојсоски**, с.р.

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3602.**

Советот на јавните обвинители на Република Македонија врз основа на член 36 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник РМ“ бр.150/07), објавува

**О Г Л А С**
**ЗА ИЗБОР НА**

I

1. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово.

Кандидатите за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во чл. 45 од Законот за јавно обвинителство („Сл весник на РМ“ бр. 150/07), Законот за измени и дополнување на Законот за јавно обвинителство („Сл. весник на РМ“ бр 111/08 ), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

I. Кандидатите за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово од точка I од огласот, како посебен услов потребно е да имаат завршено Академија за судии и јавни обвинители.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, уверенијата за државјанство и лекарско уверение (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж, диплома или уверение за завршен Правен факултет и потврда за положен правосуден испит во оригинал или заверено на нотар, Уверение за завршена Академија за судии и јавни обвинители, да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Македонија на ул. „Вељко Влаховиќ" бр. 26 IV спрат во рок од 15 дена од објавувањето во „Службен весник на РМ“.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

А.бр. 279-4/12
20 ноември 2012 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Костадин Кизов**, с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3603.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11) и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11), постапувајќи по барањето на ЧЕЛСИ СОЛАР Друштво за производство на електрична енергија, трговија и услуги ДОО Скопје на ден 20.11.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата на ЧЕЛСИ СОЛАР Друштво за производство на електрична енергија, трговија и услуги ДОО Скопје, за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотоволтаични централи „ЧЕЛСИ 1“ и „ЧЕЛСИ 2“ издадена со Одлука УП1 бр. 08-99/12 од 18.07.2012 година, („Службен весник на РМ“ бр. 20/12) влегува во сила.